# ПРАШАЊА И ОДГОВОРИ ЗА ПРИМЕНАТА НА ОДЛУКАТА ЗА УСЛОВИТЕ И НАЧИНОТ ПОД КОИ РЕЗИДЕНТИТЕ МОЖАТ ДА СКЛУЧУВААТ КРЕДИТНИ РАБОТИ ВО ДЕВИЗИ И ДА ВРШАТ ПЛАЌАЊА ВРЗ ОСНОВА НА ТИЕ КРЕДИТНИ РАБОТИ

**1. ПРАШАЊЕ**

Дали датумот на склучување на договорот за кредитна линија за плаќање на достасани обврски кон странство може да се разликува од датумот на склучување на кредитната работа во девизи?

***ОДГОВОР***

*Склучениот договор за долгорочна девизна кредитна линија (долгорочен рамковен кредит) претставува потенцијална обврска за кредитирање, додека под склучување кредитни работи во девизи, согласно со точка 1 став 3 од Одлуката, се подразбира моментот кога овластената банка ги пренесува средствата врз основа на кредитот на сметката на резидентот, врз основа на поднесениот уреден налог за плаќање во странство од страна на налогодавачот. Оттука, датумите на склучување на рамковниот кредит и на склучување на кредитните работи во девизи за плаќање во странство можат да бидат различни.*